# Клучни информации за инвеститорите

Овој документ содржи клучни информации за инвеститорите во овој фонд. Ова не претставува рекламен материјал. Информациите содржани во овој документ се пропишани со Закон и подзаконски акти со цел да им помогнат на инвеститорите при разбирањето на природата на овој фонд и ризиците поврзани со инвестирањето во него. Наш совет е внимателно да го прочитате за да можете да донесете информирана одлука за потенцијалното инвестирање.

## Генерали БРИК

**Акциски фонд**

9110000000062

Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови **Генерали Инвестментс АД Скопје со седиште** Бул. Партизански одреди бр. 14А/1-2, 1000 Скопје, дел од Generali Group

Овој фонд е одобрен во Република Северна Македонија и го регулира Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија, со Решение бр. 07-2491/7 од 25.09.2008година. Искажаните клучни информации за инвеститорите се точни на 27.01.2023 година.

## Цели и инвестициска политика

Инвестициската цел на Фондот е зголемување на вредноста на имотот, односно раст на вредноста на уделот на долг рок. Фондот е првенствено наменет за сите субјекти кои имаат долгорочен инвестициски хоризонт и поголема толеранција на ризик при што сакаат да ја искористат можноста да постигнат повисоки приноси обезбедени од вложување во акции. Инвестициската цел ќе се следи со активно управување на вложувањата во сопственички хартии од вредност на издавачи од Бразил, Русија, Индија, Кина и останати држави во развој. Средствата на Фондот ќе се инвестираат во следните земји: Земјите БРИК, пазари во развој, развиени земји, држави членки на ЕУ и ОЕЦД и Република Северна Македонија во следната форма: 0-15% во депозити во домашни овластени банки со рок до една година, 85-100% во преносливи хартии од вредност,0-10% во удели на други отворени инвестициски фондови, регистрирани во Република Северна Македонија или држави кои се членки или не се членки на ЕУ и на ОЕЦД и 0-15% како пари на сметка.
Приходите од инструментите (дивиденди и камати) во кои се вложени средствата на Фондот се реинвестираат.

Сопствениците на удели можат во секое време да поднесат Барање за откуп на уделите кои ги поседуваат со пополнување на посебни формулари, кои истите може да ги добијат во деловните простории на Друштвото за управување, преку продажната мрежа воспоставена на договорна основа или да се преземат од официјалната веб-страница.
Откупот на уделите се врши според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по приемот на Барањето. Доколку Барањето за откуп е пристигнато по 14:00 часот на тековниот ден, истото ќе се смета дека е примено наредниот ден, а доколку е примено во неработен ден ќе се пресмета по цена на удел од првиот нареден работен ден. Откупот на уделите во Фондот се врши во текот на денот по цена која во времето на извршување на барањата за откуп не е одредена.

Цената на уделот на фондот по која се врши продажба или откуп на удели се објавува секојдневно на интернет страната на Друштвото www.generali-investments.mk , каде што исто може да се најдат детални информации за фондот, Проспектот и Статутот на фондот.

Препорака: Овој фонд не е подобен за инвеститори кои планираат да ги повлечат своите средства во период од 5 години.

## Профил на ризичност и успешност

**Индикатор за синтетички ризик и принос**

| **Помал ризик**<br>Помал потенцијален принос | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | **6** | 7 | **Поголем ризик**<br>Поголем потенцијален принос |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

Индикаторот на синтетички ризик и принос се утврдува врз основа на стандардната девијација пресметана во согласност и на начин пропишан од страна на Регулаторот.
Историските податоци кои се користат за пресметка на синтетичкиот индикатор не треба да се сметаат за сигурен показател за идниот профил на ризичност на отворениот инвестициски фонд. Категоријата на профил на ризичност и успешност не е гаранција дека истите ќе останат непроменети и категоризацијата на отворениот инвестициски фонд може да се промени со тек на време. Најниската категорија не значи инвестиција без ризик.
Според синтетичкиот индикатор, фондот спаѓа во 6-та класа, која е последица на умерено високи осцилации (пораст и намалување) на цената на уделот на фондот. Со вложувањето во Фондот, инвеститорите преземаат определени ризици, со оглед на фактот дека вредноста на финансиските инструменти на пазарот на капитал секојдневно се менува т.е. вредноста на уделот може да расте или опаѓа и повратот на почетната инвестирана сума во секој момент, не е загарантиран. Друштвото има усвоени интерни акти со кои се уредува системот со управување со ризици.

Инвестициската политика на Фондот има средно до високо ниво на ризик, кое е карактеристично за акциските фондови, бидејќи сопственичките хартии од вредност се карактеризираат со повисока волатилност на нивната вредност.
Ризиците кои се материјално релевантни и кои не се опфатени на соодветен начин со синтетичкиот индикатор се:

- **Кредитен ризик**: веројатност издавачот на хартијата од вредност, да не е во можност делумно или целосно да ја подмири својата обврска по нејзиното достасување. Степен на влијание: *среден*
- **Ликвидносен ризик**: веројатност дека фондот ќе има потешкотии при подмирување на обврските кои би произлегле од евентуалното зголемување на откуп на уделите или финансиски инструменти, поради неможноста од брза продажба на посакуваната количина од некој инструмент, по цена приближно еднаква на неговата фер вредност. Степен на влијание: *среден*
- **Ризик од друга договорна страна**: несолвентност на било која институција која обезбедува чување на имот, порамнување или други договорни страни во финансиските трансакции кои може да го изложат фондот на загуба. Степен на влијание: *низок*
- **Оперативен ризик и ризик поврзан со чување на имотот на фондот**: фондот може да претрпи загуби поради човечка грешка или пропуст, грешки во процесот, нарушување на системот или надворешни настани. Степен на влијание: *среден*

## Трошоци

Трошоците кои се на товар на инвеститорот се користат за намирување на трошоците за секојдневното работење на отворениот инвестициски фонд, вклучувајќи ги и трошоците за маркетинг и дистрибуција и овие трошоци можат да го намалат потенцијалниот раст на вложувањата. Подетални информации за трошоците, вклучувајќи ги и информациите за надоместоците поврзани со работењето и начинот на нивната престметка се достапни во Поглавје 6, точка 6.2. од Проспектот на отворениот инвестициски фонд.

| | |
|---|---|
| *Еднократни трошоци кои настануваат пред или по вашето вложување:* | |
| **Влезни трошоци** | 5% |
| **Излезни трошоци** | нема |
| Влезните и излезните трошоци секогаш се изразуваат во највисоки вредности. Во некои случаи пропишани со Проспектот, може да платите помала сума или да бидете ослободени од трошоците. Инвеститорот може да ја дознае реалната висина на влезните и излезните надоместоци кај неговиот финансиски советник или претставник за продажба. | |
| *Трошоци на фондот во текот на годината* | |
| **Тековни трошоци** | 3,78% |
| Износот на тековните трошоци на фондот се однесуваат на минатогодишните расходите за годината која завршува на 31.12.2022 и оваа сума може да се разликува од година во година. | |
| *Трошоци од фондот во одредени посебни околности* | |
| **Провизии од работењето** | нема |

## Историски принос

Приносот во минатото има информативен карактер и не претставува индикација за можниот принос во иднина.

Приносот е пресметан од минатите податоци на вредноста на уделот во денари, со веќе одземени трошоци и надоместоци согласно Проспектот и Статутот.

Методологијата за пресметка на историскиот принос е пропишана од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Фондот започна со работа на 28.10.2008 година.




## Практични информации

Генерали БРИК е отворен инвестициски фонд со кој управува Генерали Инвестментс АД Скопје, Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови. Овие клучни податоци за вложувачи важат само за овој фонд. Проспектот, Статутот, годишните, полугодишните извештаи, цената на уделот и сите дополнители практични информации, на македонски јазик, можат да се најдат на интернет страната на друштвото www.generali-investments.mk, а во печатена форма бесплатно исто така можете да ги добиете во деловните простории на Друштвото на адреса Бул. Партизански одреди 14А/1-2, Скопје.

Депозитарната банка на фондот е НЛБ Банка АД Скопје.

Даночното законодавство на Република Северна Македонија, во кое е формиран фондот, може да влијае на личната даночна позиција на инвеститорот.

Генерали Инвестментс АД Скопје, одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во документот со клучни информации и може да се смета за одговорно само доколку некои делови од документот доведуваат во заблуда, се неточни или не се во согласност со Проспектот и Статутот на отворениот инвестициски фонд.

За дополнителни информации и појаснувања можете да не контактирате на телефонскиот број 02/60 90 300 или на e-mail info@generali-investments.mk